1. Пополнет образец за барање (Кластер 2012)
2. Решение за регистрација или тековна состојба од Централен регистар на Република Македонија и
3. План и програма за користење на средствата (проект).

Како баратели и корисници на средствата ќе може да се јават сите правни форми на кластерски здруженија, со изразена поврзаност на стопанските субјекти и институции кои како резултат на соработката имаат производ, група на производи или услуги и кои во својот состав имаат или соработуваат со високошколски и истражувачки институции.

За пласирање во процесот за добивање на средствата од директната помош, кластерите ќе се оценуваат според следниве критериуми:

| Активност/достигнато ниво или потенцијал/ | Бодови |
|---|---|
| Развиена стратегија за кластерот | 10 |
| Негување на соработка бизнис-наука и поддршка за истражување и развој | 25 |
| Меѓународна промоција и вмрежување и подигање на свеста (симпозиуми, конференции) | 20 |
| Структура во кластерот: | |
| - Број на членки | 5 |
| - Големи компании | 5 |
| - Хоризонтална и вертикална структура | 5 |
| - Облик на поврзувањето | 5 |
| - Степен на развој на кластерот | 5 |
| - Пазар на заеднички производ | 5 |
| - Сложеност на производната програма | 5 |
| - Реализација на проекти и партнерства | 5 |
| Поддршка | 5 |
| Вкупно: | 100 |

Барателите треба да освојат најмалку 80 бода, за да се пласираат за користење на средствата од оваа програма.

III

Министерството за економија за реализација на оваа програма, како и за постигнатите резултати и образложение за евентуалните отстапувања од планираните активности, ќе достави извештај со финансиски показатели до Владата на Република Макеонија, заклучно со 31 март 2013 година.

IV

Трошоците наменети за реализација на оваа програма, согласно глава II, точка 2, ќе им бидат исплатени на кластерските здруженија во зависност од расположивите средства од Буџетот, по редоследот на нивното пријавување во архивата на Министерствтото за економија.

V

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.51-8249/1-11
9 јануари 2012 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

---

**413.**

Врз основа на член 36 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 88/08, 115/08, 10/10 и 51/11) Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 9.1.2012 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ИНДУСТРИСКАТА ПОЛИТИКА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2012 ГОДИНА

I

Со оваа програма се утврдува начинот, условите, критериумите и постапката за користење на средства во вкупен износ од 3.500.000,00 денари обезбедени од Буџетот на Република Македонија за 2012 година – Потпрограма 11 – Индустриска политика, сметка 637, ставка 462 наменети за имплементација на Индустриската политика на Република Македонија 2009-2020 во функција на зголемување на конкурентноста на домашната индустрија, базирана на знаење, иновации и истражувања кои водат кон раст и развој, создавање стимулативна деловна и инвестициона клима и поддршка на претпријатијата за подобрување на нивните конкурентни способности со стекнување на знаења, нови технологии и пазари (во натамошниот текст Буџет).

II

Средствата утврдени со оваа програма, ги распоредува Министерството за економија и ќе се користат за следните намени:

**1. Надомест на дел од трошоците на деловните субјекти за зајакнување на капацитетите на човечки ресурси и за развој и имплементација на проекти за создавање на конкурентни производи во износ од 1.000.000,00 денари**

Постапката за доделување на средствата од оваа точка ќе се изврши преку објавување на јавен повик на ВЕБ страната на Министерството за економија www.economy.gov.mk за покажување на интерес на деловните субјекти за следните намени:

1.1 зголемување на продуктивност, ефективност и ефикасност;

1.2 комерцијализација на нови производи ( административни трошоци за ставање на производот во промет-регистрација, пријавување на производ, лаборатории, етикетирање, лого и сл; промотивни материјали и активности, освен учество на саемски манифестации);

1.3 воведување на СЕ ознака;

1.4воведување на еколошко производство (зајакнување на капацитетите на човечки ресурси и еколошко означување); и

1.5 комерцијализација на патентирани иновации (истражување на пазарот; промотивни активности и учество на домашни и меѓународни настани за иновации).

Намената на средствата од оваа точка не се однесува на набавка на опрема.

Делот на трошоците за оваа намена ги надоместува Министерството за економија во висина од 75% од докажаните трошоци на деловните субјекти, но не повеќе од 180.000,00 денари поединечно за секој деловен субјект.

**2. Надомест на дел од трошоците на деловните субјекти за развој на пазарот во износ од 1.500.000,00 денари**

Постапката за доделување на средствата од оваа точка ќе се изврши преку објавување на јавен повик на ВЕБ страната на Министерството за економија www.economy.gov.mk за покажување на интерес на деловните субјекти за следните намени:

2.1. истражување на пазари;

2.2. развој на бренд;

2.3. маркетинг стратегија; и

2.4. прилагодување на барањата на внатрешниот ЕУ пазар и други меѓународни пазари (сертификат, етикета, пакување).

Намената на средствата од оваа точка не се однесува на учество на саемски манифестации.

Делот на трошоците за оваа намена ги надоместува Министерството за економија во висина од 75% од докажаните трошоци на деловните субјекти, но не повеќе од 180.000,00 денари поединечно за секој деловен субјект.

**3. Надомест на дел од трошоците на деловните субјекти за технолошки развој во износ од 1.000.000,00 денари**

Постапката за доделување на средствата од оваа точка ќе се изврши преку објавување на јавен повик на ВЕБ страната на Министерството за економија www.economy.gov.mk за покажување на интерес на деловните субјекти за следните намени:

